ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1
Бр. 02-2885/8
02-04-2025

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 став 1 и член 50 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 2.4.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

**Член 1**

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години се именува Слаѓан Михајловски.

**Член 2**

На именуваниот независен член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во согласност со донесена одлука од Собранието на акционери.

**Член 3**

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот независен член на Надзорниот одбор во Трговскиот регистар.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач,**
**Томе Волкановски**

______________________

ТТК БАНКА 1 СКОПЈЕ